ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 13/23-2
07.03 202 3 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите и член 112 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 07.03.2023 година, донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година Су-03.бр.13/23 од 11.01.2023 година, Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година Су-03.бр.13/23-1 од 21.02.2023 година и Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година Су-03.бр.13/23-2 од 07.03.2023 година, која е составен дел на следниот пречистен текст на Годишниот распоред:

# *ГОДИШЕН РАСПОРЕД*
## *за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година*

**(Пречистен текст)**

## I
## СУДСКА УПРАВА

**А.I. Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми,** ќе раководи и управува со Судот, ќе ја организира работата Судот и ќе ги извршува работите од делот на Судската управа.

**Претседателот на Судот** ќе ги извршува работите и работните задачи за кои е надлежен согласно Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08 и 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19), Законот на Судскиот совет на РСМ („Службен весник на РСМ“ бр.102/19) Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14 од 20.01.2022 година) и тоа:

-ќе го претставува Судот,

-ќе ја организира работата и ќе презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во Судот и заради обезбедување на примена на Судскиот деловник,

-ќе постапува по претставки, поплаки и предлози на странки и други органи од уписникот УПП,

-ќе постапува по барањата за изземања поднесени од судиите и од странките од уписник СУ-ИЗЗ,

-ќе постапува по предмети од уписниците Су, Су01, Су03, Су04, Су05, Су-06, Су-ДОВ, Су-Стр.Строг.ДОВ и

-ќе раководи со Одделот за граѓански дела како Претседател на Оддел.

**А.II.** За заменик на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија **Беса Адеми,** се определува судијата **Цветанка Периќ**, која ќе го заменува Претседателот во негово отсуство.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛИ

## II
## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

**Б.I. Во Одделот за граѓански дела се распоредуваат судиите:**

1. **Беса Адеми**
2. **Владимир Стојаноски**
3. **Јелица Крстевска**
4. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
5. **Исамедин Лимани**
6. **Шпенд Деваја**
7. **Наке Георгиев**

**Б.II.** За претседател на Одделот за граѓански дела се распоредува судијата **Беса Адеми**, а за заменик судијата **Шпенд Деваја.**

**Б.III. Советот од петмина судии** кои ќе постапуваат по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3, претседателот на советот ќе го формира од судиите:**

1. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **Јелица Крстевска - член**
4. **Исамедин Лимани - член**
5. **Шпенд Деваја– член**
6. **Наке Георгиев - член**

**Б.IV.** Претседателот на советот, судијата **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија** не се задолжува со предмети.

**Б.V.** Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини за заменик претседател на совет се распоредува судијата **Шпенд Деваја.**

**Б. VI.** Претседателот на советот ќе ги формираат советите од тројца судии за постапување по разни граѓански предмети **"Р"** од судиите распоредени во граѓанскиот совет.

**Б. VII.** Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законски определените рокови и во разумен рок.

**Б. VIII.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот заедно со Претседателот на советот.

III
## ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**В.I. Во Одделот за казниви дела се распоредуваат судиите:**

1. **Цветанка Периќ - Претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Африм Фидани - член**
4. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - член**
5. **м-р Сафет Кадрии - член**

**В.II.** За претседател на Одделот за казниви дела се распоредува судијата **Цветанка Периќ,** а за нејзин заменик се распоредува судијата **м-р Сафет Кадрии.**

**В.III.** Советите од петмина судии кои ќе постапуваат по сите видови предмети во овој оддел и по предметите согласно Законот за правда за децата, се во следниот состав:

1. **Цветанка Периќ - Претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Африм Фидани - член**
4. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - член**
5. **м-р Сафет Кадрии – член**

**В.IV.**Советите од тројца судии Претседателот на советот ќе ги формира од судиите кои се распоредени во советот од петтмина судии.

**В.V.** Во случај на спреченост на претседателот на советот и други оправдани причини, за заменик на претседателот на советот се определува **судијата м-р Сафет Кадрии**. За заменик на член на советот во случај на спреченост или други оправдани причини, се определуваат **судиите Јелица Крстевска, Шпенд Деваја и Наке Георгиев**.

**В.VI.** Претседателот на Одделот, односно Претседателот на советот, судијата **Цветанка Периќ** не се задолжува со предмети.

**В.VII.** Согласно член 21 став 1 од Законот за следење на комуникациите ("Службен весник на РМ" бр.71/18), за судија кој ќе одлучува по барањата за донесување на наредба за следење на комуникациите, се определува **судијата Беса Адеми**, а за нејзин заменик, **судијата Цветанка Периќ.**

**В.VIII.** Согласно член 21 став 3 од наведениот закон, се формира совет од тројца судии кој ќе одлучува по приговорите поднесени против известувањето за несогласување од судијата, во следниот состав:

1. **Јелица Крстевска - претседател**
2. **Африм Фидани – член**
3. **м-р Сафет Кадрии - член**

**В.IX.** Во случај на спреченост на претседателот на советот и други оправдани причини, за заменик на претседателот на советот се определува **судијата м-р Сафет**

**Кадрии,** а за заменик на член на советот во случај на спреченост или други оправдани причини, се определува **судијата д-р Џемали Саити.**

**В.Х.** Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законските определените рокови и во разумен рок.

**В.XI.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот.

## IV

## ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

**Г.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите:**

1. **Владимир Стојаноски**
2. **Јелица Крстевска**
3. **д-р Џемали Саити**
4. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
5. **Исамедин Лимани**
6. **Африм Фидани**
7. **Цветанка Периќ**
8. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска**
9. **м-р Сафет Кадрии**
10. **Наке Георгиев**

**Г.II.** За претседател на Одделот за судење во разумен рок се распоредува судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска,** а за нејзин заменик се распоредува судијата **Шпенд Деваја.**

**Г.III.** Секретарот на Одделот и замeникот по потреба се распоредуваат за работа по предмети, по наоѓање на Претседателот на советот.

**Г.IV. Советот од тројца судии** за одлучуваат по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок во прв степен претседателот на советот ќе го формира од судиите:

1. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - претседател**
2. **Исамедин Лимани - член**
3. **м-р Сафет Кадрии - член**
4. **Африм Фидани - член**
5. **Наке Георгиев - член**

**Г.V.** Претседателот на советот судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска** не се задолжува со предмети.

**Г.VI.** Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини за заменик претседател на совет се распоредува судијата **м-р Сафет Кадрии.**

**Г.VII.** Судиите распоредени во Одделот за судење во разумен рок ќе решаваат предмети од сите материи.

**Г.VIII.** За одлучување по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок се определува **совет од петмина судии** во следниот состав:

1. **Шпенд Деваја – претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Владимир Стојаноски - член**
4. **Јелица Крстевска - член**
5. **Цветанка Периќ – член**

**Г.IX.** Претседателот на советот, судијата **Шпенд Деваја** не се задолжува со предмети.

**Г.X.** За заменик претседател на советот се определува судијата **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија.**

**Г.XI.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини, за заменик член ќе се определи друг судија кој не учествувал во ниту една фаза од постапката по конкретен предмет.

**Г.XII.** Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законски определените рокови и во разумен рок.

**Г.XIII.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот.

## V
## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ

**Д.I.** За одлучување по жалби против одлуки на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие, советот од тројца судии е во следниот состав:

1. **Африм Фидани – претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **Јелица Крстевска - член**

**Д.II.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини на Претседателот или член на советот, за заменик Претседател на советот односно член на советот, се определуваат **судиите Снежана Ѓорѓиеска Зекирија и м-р Сафет Кадрии.**

**Д.III.** Се формира совет од петмина судии кој ќе одлучува по жалба на кандидат кој не е избран за судија, односно претседател на суд и по жалба против одлука на Судскиот совет за одбивање или прифаќање на приговор или одлука за повторно оценување на судија, односно претседател на суд, во следниот состав:

1. **Јелица Крстевска - Претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **д-р Џемали Саити - член**
4. **м-р Сафет Кадрии - член**
5. **Наке Георгиев – член**

**Д.IV.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини на Претседателот или член на советот, за заменик Претседател на советот се определува **судијата Цветанка Периќ,** а за заменик член на советот, се определува **судијата Шпенд Деваја.**

## VI
## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

**Ѓ.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите како претседатели на оддели:**

1. **Беса Адеми**
2. **Цветанка Периќ**
4. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска**

**Ѓ.II.** За Претседател на Одделот за судска практика, се определува судијата **Беса Адеми,** а за заменик претседател судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска.**

**Образложение**

Со решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-5-5/1 од 28.02.2023 година е утврден престанок на судиската функција на Васил Грчев, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 01.03.2023 година, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Поради оваа причина, се утврди потребата од донесување на Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македнија за 2023 година Су-03.бр.13/23 од 11.01.2023 година, Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македнија за 2023 година Су-03.бр.13/23-1 од 21.02.2023 година и Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година Су-03.бр.13/23-2 од 07.03.2023 година.

Донесувањето на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа го зема предвид и фактот со намалениот број на судии кои ја извршуваат функцијата во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во оваа смисла, произлезе и потребата за распоредување на повеќе судии како заменици претседатели и членови во совет, како и потребата за формирање времени совети по конкретни предмети со определување на претседатели и членови на советите од редот на судиите кои не учествувале во ниту една фаза од постапката.

Во согласност со Годишниот распоред и измените во составот на советите, предметите кои се наоѓаат во работа кај судиите, а се реферирани или е донесена одлука, потребно е да се завршат во истите совети.

Предметите доделени со автоматска распределба преку АКМИС Програмата на судијата Васил Грчев ќе бидат автоматски прераспределени преку АКМИС Програмата со посебна одлука, согласно Судскиот деловник.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**

**НАПОМЕНА:** Согласно член 39 став 11 од Законот за судовите, против Годишниот распоред за работа, судијата може да поднесе приговор во рок од 3-три дена по приемот на истиот.

**Доставено до:**
- Судиите
- Судскиот администратор
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива